Напреден курс

# Практично водење на сметководство и примена на даночно законодавство - III степен

## Учесници

Учесникот треба да поседува работното искуство и знаење во областа на сметководство или финасии (тестирање заради утврдување на степенот на стручни познавања), или посетено обука: Практично водење на сметководство и примена на даночно законодавство I и II степен.

## Временска рамка

Вкупно траење на обуката: 32 часа, 8 дена, два пати неделно

## Програма на обуката

Евидентирање настани по основ на средства, обврски, приходи, расходи, и капитал, изготвување на завршна пресметка за една пилот фирма.

Врз основа на документи за друштво со стопанска дејност, неспецијализирана трговија на големо и мало, и вршење услуги: изводи, влезни и излезни фактури, договори, ситуации, сметкопотврди, патни налози, фискални извештаи и други учесникот изготвува:

- налози за книжење, согласно критериумите за презентирање и мерење на средства, обврски, приходи и расходи по МСС и МСФИ;
- пресметка на ДДВ;
- пресметување и евидентирање на задржан данок на приход платен на странски правни лица;
- пресметка на персонален данок по разни основи;
- усогласување на фактичката состојба по попис со сметководствената евиденција
- пресметка на курсни разлики;
- пресметка на амортизација;
- временски разграничувања и долгорочни резервирања;
- усогласување на аналитичката евиденција со главна книга;
- контрола на салдата на средства, обврски, приходи, расходи и капитал;
- затварање на класа 4 и 7, утврдување и распоредување на резултатот од работењето – добивка пред оданочување;
- утврдување основа за пресметување на непризнаените расходи и помалку искажаните приходи;
- утврдување добивка за тековната година;
- изготвување Извештај за финансиска состојба (Биланс на состоба), Извештај за добивка или загуба (Биланс на успех), Извештај за останата сеопфатна добивка;
- Изготвување обрасци до надлежни институции (ДБ, ДБ-ВП, ПДД-ГИ, ДД-ИД).

Обработени теми поврзани со законот за данок на добивка:

- Евидентирање на трошоци (признаени/непризнаени) по основ на: надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос (дневници, теренски додаток, одвоен живот, надоместоци во случај на смрт, штети, отпремнина, испратнина, регрес, јубилејни награди, боледување, селидби, користење возило), организирана исхрана и превоз, надоместоци на членови на управен и

надзорен одбор, репрезентација, донации и спонзорства, камати по кредити, осигурителни премии, казни, пенали, стипендии, отпис и исправка на вредноста и др.,
- Задржувањето на данок по основ на приходи од: дивидени, камати, авторски права, забавни и спортски активности, од вршењето на менаџмент, консалтинг, финансиски услуги, услуги на истражување, телекомуникациски услуги, осигурителни премии за осигурување или реосигурување, закуп на недвижности,
- Пресметување на данок од добивка на исплатена дивиденда,
- Годишен данок на вкупен приход.

Обработени теми поврзани со законот за персонален данок на доход:
Трошоци за правното лице/приходи за физичкото лице по основ на:
- договори за дело, стипендии, донации, лекување;
- хотелски сметки;
- членство во органи на управување;
- издавање под закуп на движен и недвижен имот и др.

## Очекувани резултати
По завршување на обуката учесникот треба:
- да ги применува законски прописи и професионална регулатива (ЗДДВ, ЗДД, ЗПД, МСС, МСФИ, МСФИ за МСЕ);
- да дефинира и објаснува поими од областа на сметководството;
- да ги разбира сметководствените настани;
- да разликува видови трошоци, приходи и расходи;
- да поврзува конкретен проблем;
- да ги применува сметките од аналитички сметковен план;
- да го дефинира поимот приходи/расходи според МСС;
- да ги идентификува, поврзува и групира дадените приходни и расходни сметки;
- да го утврдува резултатот од работењето (искажува добивка или загуба);
- да ги утврди непризнаени расходи (оданочиви расходи и помалку искажани приходи, расходи и помалку искажани приходи од поврзани лица)
- да составува Биланс на успех;
- да ги примени знаењата за изработка на биланс на состојба;
- да ги подредува билансните позиции според законска регулатива;
- да го прикаже капиталот;
- да има стекнато способности за логично размислување, решавање на проблеми, анализирање финансиски извештаи и донесување на заклучоци;
- практично да ги применува стекнатите знаења и способности;
- самостојно да изготвува финансиски извештаи.

## Програмска подршка, опрема и материјал за обуката
Предавањата се одвиваат во опремена просторија со модерна технологија, практична работа на индивидуален компјутер со користење на софтвер за финансово и материјално сметководство. Се изработуваат тестови, задачи и проекти за утврдување на стекнатите знаења. Наставен материјал во вид на Прирачник за ДД.

## Предавач
Кристина Тилиќ - дипломиран економист, овластен ревизор (во продолжение кратка биографија за предавачот).

**Сертификат**
Секој учесник кој успешно ќе ја заврши обуката ќе се стекне со Сертификат за посетена обука за практично водење на сметководсто и примена на даночно законодавство III степен.

**Пријавување**
Секој учесник треба да достави ПРИЈАВА ЗА ОБУКА.

**Цена – 18.000 денари**
Цената вклучува трошоци за работен материјал, тестови, наставен материјал во вид на Прирачник за Данок на добивка, освежување за време на паузата.

**Кратка биографија на предавачот – Кристина Тилиќ**

**Квалификации**

- Дипломиран економист;
- Диплома за стекнато звање Овластен ревизор издадена од Министерство финансии;
- Диплома за професионално образование од областа на сметководството издадена од USAID;
- Диплома за професионално образование од областа на ревизија издадена од USAID.

**Работно искуство**

- Предавач на курсеви во областа на сметководство и финансии во Работнички Универзитет "Кочо Рацин" – надворешен соработник -15 години;
- ЈП за Стопанисување со станбен и деловен простор – финансов директор, директор на компјутерски центар, самостоен проектант на бази на податоци;
- Надворешен соработник во областа на информатика, сметководство, финансии, во повеќе реномирани фирми: Вива сокови, Лекарска комора на РМ, Стоматолошка комора на РМ, Работнички Универзитет "Кочо Рацин", Кејбл Тел, Златен Клас, Студио и академија Леонтич, Фигурела, Делта Брокер, Свем инженеринг, СМС треид, Авторско-правно биро, Основен суд Крива Паланка, Колбико Инженеринг, Зинес, Талија, и др.
- Електроелемент – финансов директор;
- Нова консалтинг и едукација – основач и генерален менаџер.

**Дополнително искуство**

- Предавач на семинари, работилници на тема финансиски политики и процедури за општините во РМ (УСАИД), сметководство на Фудбалски Сојузи во согласност со МСФИ;
- Повеќе ревизорски ангажмани, активно учество на семинари и симпозиуми во областа на сметководство, финансии и ревизија;
- Претседател на Надзорен Одбор на Институтот на овластени ревизори на РМ;
- Председател на Извршен одбор на Сојуз на сметководители на РМ; Председател на Надзорен одбор на Радо-банк и др.